Државната комисија за жалби по јавни набавки, врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот „ЕУРОИМПЕКС“ ДОО - Скопје изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 20-345/6 од 25.01.2024 година донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.21959/2023 за набавка на стоки - Амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија на договорниот орган Министерство за здравство, врз основа на член 160 став (1) точка 3 и став (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019 и „Службен весник на Република С. Македонија“ бр.87/2021), на 09$^{та}$ Седница одржана на ден 28.02.2024 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**1.Жалбата** на жалителот „ЕУРОИМПЕКС“ ДОО - Скопје изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.20-345/6 од 25.01.2024 година донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.21959/2023 за набавка на стоки - Амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија на договорниот орган Министерство за здравство, **СЕ ОДБИВА ПОРАДИ НЕОСНОВАНОСТ.**

**2. Решението** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечно по извршената достава.**

**3. Сите странки се должни** да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка со објавување на Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.21959/2023 за набавка на стоки - Амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија, за што претходно била донесена Одлука за потреба од јавна набавка бр.20-9808/1 од 01.12.2023 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки на 05.12.2023 година и во Службен весник на Република Северна Македонија, како неделива набавка. Договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за

доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот најниска цена, без спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да доставaт документи за утврдување на способноста на понудувачите, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот[5.00 %].

До крајниот рок за поднесување на понудите 05.01.2024 година, пристигнале вкупно 2 (две) понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите од 05.01.2024 година. Комисијата за јавни набавки при договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите а потоа изготвила Извештај од спроведената постапка во кој дала предлог како најповолна понуда да биде избрана понудата на „АУТОМОБИЛЕ-СК" ДОО Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.20-345/6 од 25.01.2024 година.

На 06.02.2024 година била извршена управна контрола од страна на Бирото за јавните набавки согласно член 172 став 3 од Законот за јавните набавки при што е констатирано во Записник од извршена управна контрола заведен под број 17-226/3 од 06.02.2024 година, дека не постојат неправилности кои можат да влијаат на исходот на предметната постапка за јавна набавка.

Незадоволен од Одлуката за избор на најповолна понуда бр.20-345/6 од 25.01.2024 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор „ЕУРОИМПЕКС" ДОО - Скопје.

Постапувајќи по изјавената жалба, Државната комисија за жалби по јавни набавки изврши увид во досието на постапката на Електронскиот систем за јавни набавки и врз основа на член 160 став (1) точка 3 и став (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за јавните набавки најде:

***Жалбата е дозволена, навремена и изјавена од овластен подносител.***

***Жалбата е неоснована.***

Жалителот во жалбата наведува дека согласно член 4 од Законот за јавни набавки се регулира начелото на економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства и став (1) Договорниот орган ги

спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства. Согласно став (2) Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди соодветен квалитет на предметот на набавка во однос на неговата намена и вредност. Согласно тендерската документација, критериум за доделување на договорот за јавна набавка е најниска цена. Комисијата за јавни набавки при договорниот орган спровела евалуација на понудите и по завршената евалуација ја отфрлила пониската понуда, со образложение дека истата не ја исполнува техничката спецификација и договорниот орган донел Одлука за избор на најповолна понуда за понудата која е повисока за 26.546.168,00 денари. Земајки ја во предвид висината на проценетата вредност на набавката, Комисијата за јавни набавки, морала да ги искористи сите алатки за да дојде до точните податоци пред да ја дисквалификува понудата на жалителот, со што сторила повреда на ЗЈН, по член 4, член 5, член 6 и член 7 и создала предност за едниот понудувач и при тоа направила нееднаков третман на економските оператори. Договорниот орган направил повреда на член 7 и на начелото на еднаков третман, при евалуација на понудата на избраниот понудувачот АУТОМОБИЛЕ СК. Нивната понуда е одбрана за најповолна, а истата има пропуст и не ги исполнува подолу наведените услови од техничката спецификација: 1. Договорниот орган ја прифатил како валидна проспектната документација која ја доставил понудувачот, која не е официјална, туку истата е изработена кампањски за потребите на овој тендер и не може да се најде на ниедно друго место и како доказ наведува Техничка спецификација, каталог Дукато, поднесен од понудувачот. 2. За докажување на исполнување на бараните карактеристики, избраниот понудувач исто така немал поднесено официјални проспекти и документи. Има поднесено Техничка спецификација, каталог Дукато, кој не е идентичен (еднаков) со официјалниот проспект-каталог за Фиат Дукато, земен од официјалната интернет страна на https://fiatprofessional.mk/. Во официјалниот каталог и на интернет страната на понудувачот Аутомобиле СК, возилото Дукато се нуди со различни волумени и капацитети, 3 меѓуоскини растојанија, 4 должини и 3 висини. На страна бр.12 од официјалниот каталог, има слика со димензии за возилото каде се прикажани сите варијанти од понудениот модел, согласно висина, должина, меѓуоскино растојание и висина на тркала. Од каталогот, модел Фиат Дукато со должина од 5413-6363 мм, и меѓуоскино растојание од 3450-4035 мм, висината на возилото варира од 2522- 2539 мм. Тоа значи дека понудениот модел Фиат Дукато, кој има должина од 5.413 мм, меѓуоскино

растојание од 3450 мм, и е презентиран во точка 1,8 од техничка спецификација на понудувачот Аутомобиле СК има висина од 2522 мм, а не 2539 мм како што стои во нивната техничка спецификација. Висина од 2.539 мм се однесува на моделот со должина од 6363 мм и меѓуоскино растојание од 4035 мм. Техничката спецификација и техничка спецификација каталог Дукато, поднесни од страна на Аутомобиле СК е интерен документ во кој се наброени техничките карактеристики согласно тендерската докумептација, и истите не се официјално потврдени. Истото може да се потврди со пребарување на интернет и како доказ доставува страна на која се гледа висината на возилото Фиат Дукато: https://www.vanguide.co.uk/guides/fiat-ducato-dimensions/. Од друга страна овие димензии се идентични со возилото кое и жалителот го нуди. Договорниот орган нашол дека возилото кое го нуди жалителот не одговара на бараните димензии и не ги исполнува условите за квалификација, што е очигледно дека постапува дискриминаторски и ги става понудувачите во нерамноправна положба. Дотолку повеќе што и двете возила се произведуваат во иста фабрика, под исти димензии, идентична каросериска изведба и стандарди. Како доказ приложува техничка спецификација каталог Дукато поднесен од понудувачот. 3. Точка 3.9 од техничката спецификација, избраниот понудувач нуди сет за фрактури од производител GIMA, бр.34685. Во точка 3.9.3 одбележува дека сетот е транспарент за X зраци и компатибилен за магнетна резонанца. Во приложениот каталог стои дека сетот има метални шини. Од тука истиот не е транспарентен за X зраци и не е компатибилен за магнетна резонанца, а доказ за тоа е техничката спецификација на избраниот проспект точка 3.9.4. Во техничката спецификација на Аутомобиле СК во точките каде е наведено дека стаклата се сертифицирани согласно ECE R45, не е наведено името на производителот и не се потврдува дека поднесените сертификати се однесуваат на истите. Доказ: Техничка спецификација од Аутомобиле СК. Со ваквиот начин на селективна примена на критериумите при евалуација на понудите од страна на договорниот орган, донесена е одлука за избор на најповолна понуда која има неисполнунања на условите и при тоа истата е поскапа за 27,8% од понудата на жалителот која е дисквалификувана. Комисијата за јавни набавки при договорниот орган, во оваа тендерска постапка, по спроведената евалуација утврдила дека понудата на жалителот не исполнува улови од тендерската документација - техничката спецификација и ја отфрлила по следните точки што инаку не одговара на материјалната вистина: 1. Во каталогот на возилото не се обележани редните броеви според наведените во техничката спецификација. Во каталогот презентација на возилото не се одбележани карактеристиките според редните броеви од техничката спецификација. Во

упатството за корисниците не се обележани посочените карактеристики со редни броеви наведени во техничката спецификација. Поднесените документи од страна на жалителот во целост го задоволуваат барањата од техничката спецификација. Имено, за докажување на бараните технички карактеристики, жалителот поднел во оригинална електронска форма каталог за возилото и прирачник за користење на возилото (вкупно 230 страници), како и каталог презентација за амбулантно возило во електронска форма. Во истите, сите барани карактеристики се одбележани со жолта боја, а во техничката спецификација во секој ред за редниот број на бараната карактеристика во колоната за Коментар, опис или каталошки број, стои опис и на која страна, во кој документ се наоѓа бараната карактеристика. Со цел за поголема прегледност при работата на комисијата во процесот на евалуација, во време на достапност на електронски средства, постапувајќи согласно тендерската документација, наместо: - да се печати на хартија обемни проспектни материјали кои ќе изгубат на прегледност и квалитет кога истите нема да се во боја, - да ги одбележи со фломастер и рачно со пенкало да го напише редниот број на секоја ставка од техничката спецификација, и потоа -целиот материјал да се скенира, жалителот во техничката спецификација во колоната за Коментари, опис и каталошки број, согласно барањата во тендерската документација, јасно, прецизно и недвосмислено е опишано со кој документ, и на која страна од посочениот документ, се докажува исполнувањето на бараната техничка карактеристика. Ваквите наводи за неисполнување на условите се неосновани и тенденциозни според жалителот. Доказ: Каталог Peugeot Boxer, Каталог презентација Peugeot Boxer амбулантно возило, Прирачник за возило Boxer, Техничка спецификација Еуроимпекс. 2. Точка 1.8 од спецификацијата: Не исполнува услов за минимална височина 2530 мм. Според приложениот каталог понудениот модел има височина 2522 мм. Карактеристиките на понуденото возило во техничката понуда не соодествуваат со карактеристиките на возилото од доставениот каталог. Жалителот наведува дека поднесените документи во целост го задоволуваат барањата од техничката спецификација бидејќи предмет на набавка согласно тендерската документација и техничката спецификација е Санитетско возило за превоз на пациенти. Санитетските возила ги карактеризира визуелно и светлосно одбележување од надвор како што е прецизно наведено во техничката спецификација. Во точка 2.24 стои дека возилото треба да има: "Надворешна LED светлосна конзола". Светлосната конзола се монтира над возилото и со тоа доаѓа до зголемување на висината на основното возило. Предмет на набавка е санитетско возило, и висината на основното возило од каталогот се менува, и релевантна станува висината на санитетско

возило. Во понудата на жалителот за докажување на истото, поднесена е Потврда за сообразност BOXER AMBULANCE, санитетско возило, што може да се види во потполнетата техничка спецификација во точка 1 и точка 1.8: Ред. Бр.Минимални карактеристики на производ Коментар, опис или каталошки број, 1 Возило Марка: Peugeot Boxer L2H2, Каталог стр.12, Каталог презентација Peugeot Boxer амбулантно возило точка 1 и 2, Санитетско возило за превоз на пациенти: BOXER AMBULANCE, Потврда за Сообразност точка 0.2.1 1.8. Димензии на возилото во mm д/ш/в, минимум: 5410/2000/2530 Димензии на возилото Д:5413, ш: 2050, в: 2725 мм со ротации, Каталог стр. 12, Потврда за Сообразност во точка 5/6/7 за д/ш/в, Каталог презентација Peugeot Boxer амбулантно возило точка 9, Доказ: Потврда за сообразност Боксер Амбуланта. 3. За одделот за пациент: Не е доставен сертификат за докажување на исполнување на бараните стандарди ECE R43, BS7320:1990 и ECE R65. Поднесените документи од страна на жалителот во целост го задоволуваат барањата од техничката спецификација. Образложение: Сите санитетски возила за да може да се регистрираат и да се стават во промет мора да имаат Потврдата за сообразност за единечно одобрено возило, која се издава преку авторизирани технички служби со одобрување од Министерство за економија, Биро за метрологија, како орган за одобрување согласно член 8 од Законот за возила. Со Законот за возила и Правилникот за единечно одобрение на возила, точно се пропишува дека сите вградени стакла на возилото мора да бидат од одобрен тип, да бидат сигурносни, и хомологирани согласно регулативата ECE R43. На секое вградено стакло во возилото, задолжително стои фабрички одбележан бројот на одобрението согласно регулативата. Бројот кој е втиснат на стакото ги дава податоците за производот, под кој број на одобрение и согласно која регулатива е хомологирано. Без тие ознаки возилото не може да добие Потврда за единечно одобрено возило. Од тие причини, невозможно е да се стави во употреба возило кое нема стакла кои се хомологирани согласно стандардот ECE R43. Во понудата на жалителот стои дека стаклата се хомологирани. Истото се потврдува со Потврдата за сообразност за Боксер амбулантно возило. Истото важи и за светлата, како што се лед светлосната конзола и специјалните трепкачки светла за предупредување, кои се регулирани со регулативата ECE R65. Самиот производ задолжително го има на себе, втиснат или запишан, бројот на регулативата. Доказ: Потврда за сообразност за Боксер амбулантно возило. Во точка 2.19 од техничката спецификација стои дека кантичка за игли со капак, треба да е адекватно обележана, во согласност со BS 7320:1990, и истото стоело во техничка спецификација на жалителот. Во техничката спецификација не е јасно и прецизно објаснето дека сертификат BS 7320:1990 треба да се достави. 4. За

одделот за пациент: Во каталогот презентација не се одбележани карактеристиките според редните броеви од техничката спецификација. Поднесените документи во целост го задоволуваат барањата од техничката спецификација. Обрзложение: Во техничката спецификација во колоната Коментари, опис, детално е опишана и дадена под која точка во каталогот презентација се наоѓа техничката карактеристика. Ваквите наводи за неисполнување на условите се неосновани и тенденциозни. Доказ: Каталог презентација Peugeot Boxer амбулантно возило, Техничка спецификација 5. Точка 3.2.3 од техничката спецификација. Понудениот модел нема ротација 180°. Поднесените документи од жалителот во целост го задоволуваат барањата од техничката спецификација. Образложение: Во каталогот 3.2 TV50 Datasheet во делот Display е обележана точка 3.2.3, моделот се монтира на носач подвижен кој ги задоволува условите за ротација од 180° и прилагодливост кон условите на итната помош. Доказ: Технички податоци TV50, 6. Точка 3.2.9 од техничката спецификација. Понудениот модел ја нема бараната карактеристика. Поднесените документи од жалителот во целост го задоволуваат барањата од техничката спецификација Образложение: Обележан каталог 3.2 TV50 Operator’s manual страна 170, 171, 172 со детален приказ на секоја програма како го користи горенаведениот параметар и рангот на литри во минута со што се докажува дека понудениот апарат од наша страна го достигнува бараниот максимален ранг од 100л/мин. Во овој дел се гледа дека техничката спецификација ја правело лице со мали познања во делот на респирацијата, затоа што барањето гласи "Максимален инспираторен проток: 100L/min или подобар". Со поставеното барање во техничката спецификација "подобар", се поставува прашање што е подобро од оваа бројка и дали би знаеле што би се случило во организмот доколку „подобро“ од 100L кислород навлезе? Во понудениот модел од жалителот покрај тоа што ги задоволува бараните елементи има и аларм за Fi02, кои ја контролира состојбата на пациентот и доколку е инспираторниот проток е превисок се превенира настанување на хипероксија. Доказ: Технички податоци TV50 7. Точка 3.2.13 од техничката спецификација. Понудениот модел нема мониторинг на PIP- peak respiratory pressure, нема мониторинг на апнеа, нема приказ на крива Paw и Flow. Повторно, поднесените документи од жалителот во целост го задоволуваат барањата од техничката спецификација Образложение: Во доставениот проспект е одбележана бараната точка согласно техничката спецификација во Упатството за употреба на стр.62, 85, 86, 87, 92, 102, 120 и 106 Апнеата од друга страна доколку не е нагласена во моделот кој е понуден спаѓа во модулот CPAP (Continuous Positive Airway Pressure) које е веќе обележан во 3.2 TV50 Datasheet. На страна 120 има карактеристика (Apnea time 15 s) и 204, што докажува дека апаратот понуден од страна на

жалителот ја мониторира апнеата. Термините кои се користат од различни производители можат да бидат различни, но да ја извршуваат истата функција, како и мерните вредности кои се пресметуваат во различни мерни единици. Модул PIP - дополнително може да се согледа како формула на страна 120 со сегиран аларм доколку вредностите се над дозволената вредност. Приказ на крива Paw и Flow секако дека понудениот модел има и тоа истото може да се воочи на старана 85, 86, 87 од 3.2 ТУ50 TV50 Datasheet. Доказ: Упатство за употреба TV50 8. Точка 3.3.11 од техничката спецификација. Дадена е изјава од производителот дека бараното се исполнува, но во доставената документација подвлечен е податок кој е спротивен од изјавата, односно подвлечен е податок дека апаратот содржи опција за рано препознавање на влошување на состојбата на пациентот што не е тоа што се бара. Образложение: Приложената изјава од производителот ја потврдува бараната карактеристика. Доказ: Изјава од производителот  9. Точка 3.3.18 од техничката спецификација. Подвлечен е податок дека апаратот поседува автоматско подесување на лимити на аларми, а не дека истиот има опција да да дава на дисплејот решенија за можни настанати проблеми. Образложение: Во доставениот проспект е одбележана бараната точка согласно техничката спецификација во Упатството за употреба на стр.87-88  Доказ: Упатство за употреба BeneHeart D30. Комисијата за јавни набавки, при договорниот орган во оваа постапка постапувала тенденциозно и незаконски ставајќи еден од понудувачите во привилегирана положба во однос на другиот понудувач кој бил законски совесен и уреден. Дека комисијата постапувала тенденциозно укажува фактот што не го искористила правото кое го има согласно член 109, став 2 од ЗЈН каде стои дека "при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања". Комисијата при договорниот орган не постапила согласно горенаведениот член, и не побарала појаснување за спорните ставки. Тука се гледала пристрасноста кон избраниот понудувач, бидејќи како што погоре е наведено станува збор за исти возила, од иста групација, а сепак одбила да ја квалификува понудата која е со пониска цена во износ од 26.546.168,00 денари, народни пари. Договорниот орган во оваа постапка, очигледно не постапил на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства. Со оспорената одлука донесена од страна на договорниот орган извршена е повреда на начелото на конкурентност помеѓу економските

оператори, начелото на транспарентност и начелото на еднаков третман и недискриминација на економските оператори, предвидени во член 5, 6 и 7 од ЗЈН, па затоа жалителот смета дека договорниот орган погрешно го применил материјалното право во конкретниот случај. Видно од жалбените наводи е дека договорниот орган сосема погрешно ја утврдил фактичката состојба и со погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, првостепениот орган погрешно го применил материјалното право, односно Законот за јавни набавки. Со оглед на горенаведеното жалителот и предлага на Државната комисија за жалби по јавни набавки да ја усвои жалбата, а првостепената Одлука за избор на најповолна понуда бр. 20-345/6 од 25.01.2024, да ја укине и предметот да го врати на повторно одлучување и евалуација. Исто така, согласно член 68 став 3 и 4 од Законот за општа управна постапка, во врска со член 231 од Законот за јавни набавки да го задолжи договорниот орган да му ги надомести на жалителот трошоците сторени по повод оваа жалба.

Договорниот орган во одговорот на жалбата наведува дека со Одлуката за потреба од спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки, бр.20-9808/1 од 01.12.2023 година, утврди дека за реализација на предметната набавка се обезбедени средства во вкупна вредност од 122.033.898,00 денари без вклучен ДДВ, а согласно Извадок од Нацрт-записникот на Сто и осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 22 август 2023 година. Оттука, избраната најповолна понуда е во рамките на проценетата вредност и истата не ги надминува планираните средства, па договорниот орган не постапил спротивно на член 4 и не ги прекршил начелата на економичност, ефикасност и ефективност на користењето на јавните средства. Понатаму, договорниот орган во ниедна фаза од постапката не ја ограничил конкуренцијата помеѓу економските оператори, ниту со тендерската документација, ниту со избирање на видот на постапката и истата е целосно спроведена согласно Законот за јавните набавки, па оттука е најасно тврдењето на жалителот дека е постапено спротивно на член 5 од Законот за јавните набавки. Исто така, договорниот орган транспарентно го објавува планот за јавните набавки, измените на истиот, огласите и известувањата согласно Законот за јавните набавки, како и тендерската документација, и со тоа, не постапува спротивно на член 6 од Законот за јавните набавки. Како и во сите постапки до сега, и со оваа постапка е постапено согласно член 7 од Законот за јавните набавки и е овозможен еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката. Понатаму, жалителот во поднесената жалба има поднесено неколку жалбени наводи кои се однесуваат на неправилна евалуација во

однос на техничките спецификации на избраната најповолна понуда. Договорниот орган во сите постапки ангажира надворешни стручни лица со задача да ја дефинираат техничката спецификација за предметот на набавка на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин и истите не смеат да упатуваат на конкретно производство, изведба, определен процес или трговски марки, патенти, видови или специфично потекло на стоки со цел фаворизирање или елимиирање определени економски оператори или определени стоки, со што би се исполниле начелата на кои се темели Законот за јавните набавки и тоа: слободно движење на стоките, слобода на основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспаретност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност. Исто така стручните лица се должни да одговараат на прашањата поставени во фаза на прибирање на понудите, да извршат стручна евалуација на понудата/те во делот на техничката/те понуди, како и одговораат во фаза на жалбената постапка. Комисијата за јавни набавки е должна да го прифати Извештајот од извршената стручна евалуација на надворешните стручни лица во постапката на техничката/те понуди поднесени од страна на економските оператори во делот на исполнувањето или неисполнувањето на барањата и условите наведени во техничката спецификација и истите да бидат составен дел од Извештајот од спроведената постапка. Согласно тоа, евалуацијата на техничките понуди е извршена од стручни лица во однос на исполнувањето/неисполнувањето на условите и барањата наведени во техничката спецификација, за што е изготвен и Извештај од спроведената стручна евалуација и е составен дел од Извештајот од спроведената постапка. Жалителот исто така тврди дека Комисијата за јавни набавки при договорниот орган, по спроведената евалуација утврдила дека неговата понуда не исполнува услови од тендерската документација, иако се согласува со ставот дека доставените каталози од негова страна не се доставени согласно барањата од техничките спецификации, односно да се достави: За возилото „Проспект/техничка документација со видно означени карактеристи согласно барањата и редните броеви во техничките спецификации."; За медицинската опрема„Задолжително доставување на техничка спецификација/каталог/брошура од производителот со видно означени карактеристики на понудениот производ согласно барањата и редните броеви во техничките спецификации", со образложение дека истите се обележани со жолта боја, а во техничката спецификација во секој ред за редниот број на бараната карактеристика во колоната за Коментар, опис или каталошки број, стои опис и на која страна во кој документ се наоѓа бараната карактеристика. Жалителот тврди дека со цел за поголема

прегледност при работата на комисијата во процесот на евалуација, во време на достапност на електронски средства, наместо „да печатиме на хартија, да ги обележиме со фломастер и рачно со пенкало да го напишеме редниот број и целиот материјал да го скенираме", смета дека со обележувањето во техничката понуда го докажува исполнувањето на минималните услови. Тврдењето на жалителот е неточно и неосновано. Доколку, како што тврди жалителот, договорниот орган постапи според неговото образложение, истото ќе значи дека дава предност на неговата понуда и во тој случај ќе постапи спротивно на член 7 од Законот за јавните набавки, давајќи му предност, иако и самиот цитира дека не е постапено во целост по барањата кои економскиот оператор задолжително треба да ги достави, а се наведени во техничките спецификации. Доколку жалителот тврди дека договорниот орган постапил спротивно на член 7 од Законот за јавните набавки, следствено на неговото тврдење, дали ваквото постапување би значело исто така постапување спротивно на член 7 или во овој случај, бидејќи истото е во негова корист, го смета за оправдано? Исто така, со оглед дека и самиот жалител тврди дека во време на достапност на електронски средства, нумерирањето на каталогот може да се изврши и со помош на компјутерски софтвер кој е достапен и бесплатен за употреба и нема потреба од печатење, рачно нумерирање и скенирање на документацијата. Понатаму, жалителот тврди дека Комисијата постапувала тенденциозно и незаконски ставајќи еден од понудувачите во привилегирана положба во однос на другиот понудувач кој бил законски совесен и уреден, притоа не користејќи го правото кое го има согласно член 109 став 2 каде што стои дека „При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања.", бидејќи не побарала појаснување за спорните ставки. Тврдењето на жалителот е неосновано и законски неоправдано и недозволено. Имено, согласно цитираниот член, став 4 „Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот." Барањето за појаснување на ставки кои се составен дел од техничката понуда на понудувачот би значело дека Договорниот орган постапува спротивно на цитираната одредба, односно истото е законски недозволиво. Договорниот орган постапува согласно законските прописи, се грижи за спроведување на начелото за еднаков третман и

недискриминација на економските оператори, овозможувајќи конкуренција помеѓу економските оператори, без притоа да се ограничат потенцијалните понудувачи. Договорниот орган, преку Комисијата за јавни набавки на конкретната постапка во ниту еден случај нема намера да ја намали или ограничи конкуренцијата, видно од првичната евалуација, и секогаш дава еднаков третман и еднаква можност на секој економски оператор чија понуда е прифатлива согласно утврдените критериуми од тендерската документација. Врз основа на погоренаведеното, а поради тоа што подносителот на жалбата не докажа и не го стори веројатно постоењето на фактите, повредите на постапката истакнати во жалбата, договорниот орган предлага, Државната комисија за жалби по јавни набавки, жалбата на жалителот да ја одбие како неоснована. Одлуката донесена од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки ќе биде почитувана и спроведена од страна на договорниот орган. Во прилог доставува Одговор од стручната комисија по однос на поднесената жалба.

Државната комисија постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 141 од Законот за јавните набавки, а врз основа на сите приложени докази во предметот и увидот во ЕСЈН за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, утврди дека жалбата на жалителот „ЕУРОИМПЕКС“ ДОО - Скопје е неоснована.

Државната комисија за жалби по јавни набавки ги смета за неосновани жалбените наводи според кои договорниот орган во постапката на евалуација на понудите постапил спротивно на Законот за јавните набавки и барањата и условите на тендерската документација, односно дека договорниот орган извршил неправилна евалуација на понудите и постапил спротивно на член 109 од Законот за јавните набавки.

Имено, Државната комисија за жалби по јавни набавки со увидот во доказите од постапката на ЕСЈН утврди дека договорниот орган извршил целосна и правилна евалуација на понудите во согласност со барањата од тендерската документација и техничките спецификации.

Понатаму, договорниот орган во делот напомена од техничките спецификации навел дека економскиот оператор треба задолжително да достави „За возило: Детално пополнета техничка спецификација, проспект/техничка документација со видно означени карактеристи согласно барањата и редните броеви во техничките спецификации, за оддел за пациент: детално пополнета техничка спецификација, документи

за докажување на исполнување на бараните стандарди, за медицинска опрема: детално пополнета техничка спецификација, Declaration of conformity или еквивалент, EC/CE Certificate или еквивалент за производителот, задолжително доставување на техничка спецификација/каталог/брошура од производителот со видно означени карактеристики на понудениот производ согласно барањата и редните броеви во техничките спецификации при што доколку во доставениот материјал не е искажана некоја од бараните карактеристики да се достави изјава од производителот за исполнување на бараните карактеристики, со детално наведување на кои карактеристики се однесува односно генерални изјави без списокот на карактеристики немало да се прифатат. Државната комисија видно од документацијата на ЕСЈН и согласно Извештајот од надворешните стручни лица ангажирани во работата на комисијата и Извештајот од спроведена постапка утврди дека понудата на жалителот не е изготвена според напомените во техничката спецификација како жалителот би ги докажал декларираните технички карактеристики за точките 1, 1.8, 2, 2.3, 2.5, 2.19, 2.21.1,2.24, 3.2.3, 3.2.9. 3.2.13, 3.3, 3.3.11, 3.3.18, 3.3.25, 3.16, со оглед дека истите се барани во техничките спецификации и се дел од техничката понуда, договорниот орган не смеел да ги бара дополнително, согласно член 109 став 4 од Законот за јавните набавки како и од фактот што карактеристиките на понуденото возило во техничката понуда не соодветствувале со карактеристиките на возилото од доставениот каталог и истите не биле соодветно одбележани според напомената.

Согласно горенаведеното, договорниот орган правилно постапил кога понудата на жалителот ја оценил како неприфатлива и ја исклучил од натамошната постапка, имајќи ги предвид одредбите од член 2 точка 11 од Законот за јавните набавки.

Државната комисија ги смета за неосновани жалбените наводи на жалителот во однос на димензиите на понуденото возило и доставената проспектна документација од страна на избраниот понудувач бидејќи истата е доставена согласно напомената во техничката спецификација каде е наведено дека „За возило: детално пополнета техничка спецификација, проспект/техничка документација со видно означени карактеристики согласно барањата и редните броеви во техничките спецификации, од каде јасно се потврдува исполнувањето на бараните технички карактеристики за понуденото возило.

Исто така, Државната комисија ги смета за неосновани жалбените наводи на жалителот според кои понуденото возило од страна на

избраниот понудувач не ги исполнува барањата од точка 3.9 од техничката спецификација и понудениот сет за фрактури од производителот како и барањето за тоа дека е потребно стаклата да се сертифицирани според ECE R45 и дека не било наведено името на производителот односно не се потврдувало дека поднесените сертификати се однесуваат на истите. Видно од документацијата која на ЕСЈН ја прикачил избраниот понудувач е дека истиот ги доставил бараните каталози и сертификати со што ги исполнил барањата од техничката спецификација согласно напомените во тендерската документација.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија утврди дека договорниот орган не ги сторил пропустите на кои се повикува жалителот во жалбата и одлучи да ја одбие жалбата поради неоснованост.

Согласно со член 2 точка 10 и 11 од Законот за јавните набавки: „10. „тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација; 11. „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон;“.

Согласно со член 3 од Законот за јавните набавки: „Начела на кои се темелат јавните набавки: (1) Уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност. (2) При спроведувањето на јавните набавки договорниот орган е должен да ги почитува обврските за заштита на животната средина, социјалната политика и за заштита на трудот кои

произлегуваат од прописите во Република Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.“.

Согласно член 109 од Законот за јавните набавки: „Евалуација на понудите (1) Кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот. (2) При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања. (3) Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата. (4) Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот. (5) Комисијата може да бара директно од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик и за истото да одреди примерен рок. (6) Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. (7) Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација. (8) По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда. (9) Членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда, ги изнесува своите ставови подготвени како забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка. (10) При евалуација на понудите кај ограничената постапка, постапките со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации, комисијата соодветно ги применува одредбите од овој член. (11) Министерот за финансии го пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.“.

Согласно член 141 од Законот за јавните набавки: „Постапување на Државната комисија и битни повреди на Законот (1) Во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2)

на овој член. (2) Битни повреди на Законот во смисла на ставот (1) на овој член се: 1. утврдување пократок рок за поднесување понуди или пријави за учество од минималниот рок утврден со овој закон; 2. измената на огласот не е објавена, а постоела обврска за тоа согласно со одредбите од овој закон; 3. кандидатот или понудувачот морал да биде исклучен од постапката за јавна набавка бидејќи постојат причини за негово исклучување; 4. по истекот на рокот за поднесување понуди во отворена или ограничена постапка договорниот орган водел преговори или понудувачот ја изменил својата понуда спротивно на одредбите од овој закон; 5. критериумите за способност не се утврдени во согласност со овој закон и 6. тендерската документација не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција. (3) Државната комисија нема да ја разгледува фактичката и правната состојба за што решавала во претходна жалба во иста постапка за јавна набавка. “.

Со оглед на фактот што жалителот не успеал во жалбената постапка, трошоците на постапката за правна заштита нема да му бидат вратени, согласно со член 166 став (2) од Законот за јавните набавки.

Од причини погоре изложени, се донесе Решение како во диспозитивот.

<u>Упатство за правно средство:</u> Согласно член 170 од Законот за јавните набавки и член 26 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Бр.08-224/24
28.02.2024 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Кирил Каранфилов

Доставено до:
- Архива,
- „ЕУРОИМПЕКС“ ДОО - Скопје
- Министерство за здравство